# СЕМИНАР ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПОЗ НА ТЕМА: “ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СИНДИКАЛНИТЕ ЛИДЕРИ И АКТИВИСТИ “

Во Охрид од 15-ти до 17-ти април, 2011г. во соработка со фондацијата „Фридрих Еберт“, Синдикатот на УПОЗ организира семинар со тема „Зајакнување на капацитетите на синдикалните лидери и активисти“.

Предавачи на семинарот беа Лилјана Јанкуловска (раководител на Стручната служба на ССМ), Боро Варошлија (експерт по Човекови ресурси) и Снежана Костовска (експерт за јакнење на капацитетите на јавната администрација).

Темата на која што Лилјана Јанкуловска се осврна беше во врска со измените во Законот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ и напорите кои синдикалните лидери ги прават за подобрување на истиот. Некои од предлозите на Сојузот на синдикати на Македонија се превземени и од заедничките работилници со Меѓународната организација на трудот (ILO) и со синдикатите од регионот и Европската Унија.

Боро Варошлија ги спореди активностите на синдикалните лидери и активисти во Македонија и на тие од околните држави во сферата на колективното преговарање и пронаоѓањето на заеднички јазик со работодавачите на теми како Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Примерите што беа прикажани како успеси на синдикатите од регионот беа многу слични со успехот на колективното преговарање во рамките на синдикалната организација на Фондот за ПИОМ.

Снежана Костовска подготви посебен осврт на различните модели за јакнење на јавната администрација, а воедно и на синдикалните лидери и активисти. Беа презентирани новите модели за успешно работење на јавната администрација кои евентуално би требале да се имплементираат и во Република Македонија. Костовска се задржа повеќе на јакнењето на капацитетите на синдикалните лидери кои во новите концепти на работењето на јавната администрација ќе имаат уште поважна улога во трансформацијата на членовите на Синдикатот на УПОЗ.

Учесниците на семинарот беа задоволни од излагањата на предавачите и еден од заклучоците на семинарот беше потребата од повеќе интерактивни семинари кои подобро би ги подготвиле синдикалните лидери за активностите како колективното преговарање и заштитата на правата на работниците.